#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| Пронајди го листот | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 4 до 6-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Перцепција |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 30 минути | 20-25 минути |
| **Цели** | |
| Целта е кај детето да се развие фокусирана перцепција. | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето споредува и пронаоѓа исти листови. | |
| **Насоки** | |

**Претходна подготовка за активност**

Излезете на прошетка во природа со детето и соберете по два исти листови од различни дрва. Потоа ставете ги помеѓу листови од весници и ставете нешто тешко над нив. Треба да останат така неколку часови за да се пресуваат. Потоа, се сечат картонски картички колку што има пресувани листови.

**Инструкции/насоки за играта**

На детето му се објаснува дека секој лист треба да се залепи на посебна картичка и да се поделат картичките помеѓу два учесника во играта, така што секој играч треба да има по еден различен лист од секој пар исти листови (прилог бр.1).

**Активност/игра**

Со детето разговарајте по сеќавање за прошетката и различните листови. Може да ги именувате, опишувате и препознавате на картичките. Потоа, поделете ги картичките според дадените инструкции и играјте ја играта, така што едниот играч покажува картичка со еден лист, а другиот играч треба да ја пронајде картичката со истиот лист

<table>
<tr><td colspan="2">од своите картички и да ги ставaт во пар. Покажувањето на картичките се прави наизменично меѓу двајцата играчи. Играта завршува кога ќе се спарат сите картички. На крај, предложете им на децата да направат хербариум од различни растенија што ќе ги собираат и пресуваат од следните прошетки (прилог бр.2).</td></tr>
<tr><th>Прилози</th><th>Материјали</th></tr>
<tr><td><u>Прилог бр. 1</u><br><br>Фотографии од активност<br><br><br><br><u>Прилог бр. 2</u><br><br>Фотографии од реализација<br><br></td><td>• Листови<br>• Картон<br>• Ножици<br>• Лепило</td></tr>
</table>



**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска

Превод: Агим Лека